


# Акција „Мрежа“: Разбиена криминална група што се занимавала со продажба на дрога

ХРОНИКА / 19.02.2017 / 10:32

**Во рамки на оперативната акција „Мрежа“ која се спроведува за сузбивање на уличното дилерство на дрога, откриена е криминална група составена од пет лица и тоа С.Р. (51), З.М.(29), М.Д. (26), М.М.(36) и З.С. (34).**



По претходно добиени оперативни сознанија дека организираната криминалната група набавувала и продавала наркотична дрога на нарко зависници од подрачјето на Град Скопје, но и во други градови од државава беше спроведено криминалистичко истражување, а во координација со ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција.

Според документираните сознанија во текот на минатата и оваа година криминалната група организирана од С.Р. која делувала на подрачјето на Град Скопје како и надвор од градот, продавала наркотична дрога кокаин за цена од 3.000 до 4.500 денари за една пакoвка. Кокаинот бил набавуван од непознато лице од Србија во помали количина, со цел полесен и побезбеден транспорт на наркотичната дрога. Во рамките на меѓународната полициска соработка ќе се преземат дополнителни активности за идентификување на српскиот државјанин. Од страна на С.Р. како организатор на групата, биле ангажирани МД. и М.З. кои го продавале кокаинот на нарко зависници, а по продажбата редовно го известувале С.Р. за паричните средства кои биле добиени. Исто така утврдено било дека лицето М.М. исто така посредувал во вршењето на продажбата на наркотична дрога кокаин, така што кога имало потреба за продажба на дрога, го известувал С.Р. и ја вршел продажбата, а дел од парите ги задржувал за себе.

По претходно издадени наредби за претрес на дом и други простории од страна на Судија на претходна постапка извршени се претреси на пет локации.

При преземените мерки и активности во однос на извршените претреси, пронајдени и со потврда одземени се следните предмети: во домот на С.Р. одземени се една полиетиленска пакoвка со бела прашкаста материја, 50 куршуми 9мм, едно ПМВ Голф 5 и три мобилни телефони; во домот на З.М. одземени се четири полиетиленски пакoвки со непозната бела прашкаста материја; во домот на М.Д. одземени се 22 куршуми 5,56мм, реденик со 12 патрони со различен калибар,43 патрони со калибар 16мм, куршум 7,65мм, најлон кеса со непозната растителна материја, чинија со бела прашкаста материја и мобилен телефон; во домот на М.М. одземени се седум банкноти од по 1000 денари, две банкноти од по 500 денари и еден мобилен телефон.

Од слобода беше лишено и лицето З.С. од село Врапчиште-гостиварско и обезбедено од страна на полициски службеници од СВР Тетово. Исто така, во текот на криминалистичкото истражување ова лице е претходно документирано за кривично правен настан со недозволена трговија со дрога и беше одземена првата количина кокаин од 9,77 грама.

Ќе биде извршено вештачење на предметите пронајдени при претресите, а до надлежното ЈО ќе биде поднесена кривична пријава против лицата за сторени кривични дела „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори“ и „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи“ и истите ќе бидат спроведени пред Судија за претходна постапка.

Разбиена криминална група која што се занимавала со пр...

0 коментари

Подреди по Најстари

Додај коментар...

1 час Ереван: Азербејџан користи балистички ракети против цивили

2 часа Истегнување нозе со Памела Рајф

2 часа Шефот на Ред Бул ја коментираше одлуката на Хонда да ја напушти Ф1

3 часа Дневен преглед на состојбата со COVID-19 во светот

3 часа Привремен сообраќаен режим во Скопје в недела поради маратонот

## ХРОНИКА


Судир меѓу воз и трактор кај Штип


Антикорупциска отворила предмети за злоупотреби на фондови на ЕУ и за кршење на законот при именувања директори во ФЗОМ


Казни за 874 лица за неносење маски


Побаран притвор за 55-годишен скопјанец поради силување




## ВЕСТИ











Судир меѓу воз и трактор кај Штип


Комитетот на министри бара Бугарија да дозволи регистрација на здруженијата на македонското малцинство


Антикорупциска отворила предмети за злоупотреби на фондови на ЕУ и за кршење на законот при именувања директори во ФЗОМ


Детална анализа за порастот на заболени од Ковид, викендот препорака за евентуални нови рестриктивни мерки


Рама: Амбиција на двете влади е да се укине границата меѓу Албанија и Косово


Османи: Имаме високи очекувања од ЕУ и активно се подготвуваме за стартот на преговорите



© 2005-2020 Кајгана Медиа. Сите права задржани.